Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

УП1 бр. 14-2831
23.05.2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 216 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Бизнис менаџмент на Факултетот за економски науки при Европски Универзитет-Република Македонија Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Бизнис менаџмент на Факултетот за економски науки при Европски Универзитет-Република Македонија Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Европскиот Универзитет Република Македонија Скопје, се обрати со барање бр. 03-554/3 од 25.10.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-2831 од 29.10.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Бизнис менаџмент на Факултетот за економски науки при Европски Универзитет-Република Македонија Скопје, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-331/2 од 16.10.2018 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-2831 од 09.11.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 26.02.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-2831 од 22.04.2019 година, каде е наведено дека студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Бизнис менаџмент на Факултетот за економски науки при Европски Универзитет-Република Македонија Скопје., се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Република Северна Македонија · Republika e Maqedonisë · МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА · MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS · 4 · Скопје · Shkup

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал:Снежана Лузевска
Согласен:Борчо Алексов
Одобрил:d-r Agim Rushiti